**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 12. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6236 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на*

*распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а, ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  (3) *„Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  (4) *„Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  (11) *„Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

6. **Констатации од надзорот:**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време од 8 часа 58 минути и 38 секунди, евидентирано во десетдневниот период од 21 до 30 ноември, се однесува на новинарски вести, извештаи и соопштенија емитувани во дваесет изданија на информативните емисии - Пладневен радио весник од 15:30 часот, и Радио 22. Методолошки исклучок, поради поставеноста на програмската шема на радиодифузерот, претставува анализираното попладневно издание на радио-весникот од 14 часот, емитуван на 27 ноември (недела).

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно-информативните емисии на Јавниот радиодифузен сервис:

- *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Пропишаниот процентуален баланс за структурата на поединечните изданија од радио-весниците, сфатени како – новинарски осмислени аудио-целини, до извесна степен е нарушен оти во десетдневниот период беа емитувани шеесет информативни минути отповеќе за ставката – „Дневни настани од земјата и од светот", што, пак, одзема од времето кое Изборниот законик го пропишува за активностите на учесниците во изборната кампања.

Конкретно, според „математичкиот образец" на Изборниот законик, статистиката за распоредот на информативното време, методолошки изделено за анализа од двете споменати изданија на радио-весникот, во првите десет дена (од 21 до 30 ноември), изгледа вака:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 28%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 25%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 39%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 8%;

Дополнително, Изборниот законик пропишува дека „времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување", односно во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати. Податоците од мониторингот говорат дека времето за активностите на учесниците во изборниот процес, не е доследно распределено пропорционално според бројот на потврдени листи со кандидати. Така, во 30% наменети за активностите на политичките партии од власта, двата учесника во изборниот процес – Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. и ДУИ, кои имаат по седум потврдени кандидатски листи, не се застапени приближно еднакво, туку со околу 1 час разлика во полза на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. Слични отстапувања има и во 30% од вестите наменети за активностите на опозицијата.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:46:08 | 69,98 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:45:32 | 30,02 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:31:40** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:35:52 | 70,26 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:27:06 | 19,86 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:13:29 | 9,88 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:16:27** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Без субјекти | 00:09:21 | 4,50 | % |
| Други субјекти | 00:49:37 | 23,87 | % |
| Граѓански сектор | 00:30:53 | 14,86 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:31:45 | 15,28 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:57 | 3,34 | % |
| Вести од светот | 00:22:04 | 10,62 | % |
| Влада на РМ | 00:21:18 | 10,25 | % |
| Судство | 00:03:57 | 1,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:20 | 0,64 | % |
| Левица | 00:00:29 | 0,23 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:52 | 3,79 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:45 | 3,73 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:08 | 2,47 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:46 | 1,33 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:30 | 0,72 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:56 | 0,93 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:12 | 0,10 | % |
| Привремена комисија | 00:03:00 | 1,44 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:27:50** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Левица | 00:09:04 | 21,24 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:18:14 | 42,72 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Либерална партија | 00:08:51 | 20,73 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:08 | 7,34 | % |
| Беса | 00:02:43 | 6,36 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:41 | 1,60 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:42:41** | 100 | % |

**Вкупно: 08:58:38**

Минутажата за Коалицијата на СДСМ и за партијата „Левица", евидентирана во статистичката категорија за „Дневни настани од земјата и од светот", се должи на два извештаја од судски рочишта (*за случајот „Поткуп", односно за учество во толпа при демолирањето на Канцеларијата на Претседателот на државата*), и на извештај за работна средба на преставници од Коалицијата на СДСМ со раководството на Стопанската комора на Северозападна Македонија, при што, од новинарската обработка на настанот, произлегува дека - иницијативата за средбата им е припишана на бизнисмените, па оттаму, содржината на прилогот е третирана како поврзана со предизборно дејствие, но не е врамена во непосредните партиски / коалициски активности организирани пред потенцијалното гласачко тело.

Во 30-те отсто од минутажата што Првата информативна програма на Македонското радио треба да ги одвои за домашни и за светски актуелности, во анализираниот десетдневен период, најмногу време е евидентирано во ставката – „други субјекти". Тука се бележени активностите на бизнис заедницата, како и на синдикатите од различни општествени домени (*Контроверзите околу (ре)изборот на претседател на Сојузот на синдикатите; протестите организирани од Синдикатот на вработените во комбинатот „Југохром"; преписката меѓу СОНК - Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, и Министерството за труд и социјална политика, во врска со работното време за воспитувачките и негувателките; апелите на Народниот правобранител и на Советот за етика во медиумите за врамнотежено, коректно известување за изборната кампања, и создавање реални услови за непречено остварување на избирачкото право; промоцијата на т.н. „Изборен компас - Македонија", изработен од „Импакт" - Институтот за истражување и општествени иновации, осмислен како бесплатна апликација за подобро информирање на гласачите; промоцијата на Кодексот за судска етика, направена по повод одбележувањето на десет годишнината од Академијата за обука за судии и обвинители;*).

Втора по информативна застапеност е работата на граѓанските организации и на заложбите на претставници од меѓународната заедница за одржување високи демократски стандарди во текот на изборниот процес (во овој контекст - *изјавите на ЕУ-амбасадорот Самоел Жбогар; предизборната посета од делегација на Парламентарното собрание на Советот на Европа, предводена од австриецот Стефан Шена; проценките на Светската банка и на ММФ за кондицијата на македонската економија; Конференцијата на тема - „Европската Унија и Македонија – очекувања по изборите", одржана во Скопје, организирана од Институтот за демократија - „Социетас цивилис" и Центарот за европски студии на Универзитетот во Грац; досегашните забелешки на ОБСЕ/ОДИХР, и на невладините организации – МОСТ и „Цивил", за текот на изборниот процес; потписот на повеќе политички партии за Декларацијата за одржлив национален одговор кон опасноста од ХИВ - по иницијатива на граѓанската организација ХЕРА; Декларација за спречување и заштита од различни форми на насилство врз жените и семејното насилство – заложба на Националната мрежа против насилството врз жените; дијалогот меѓу политичките партии и лицата со попреченост, организиран од здружението - „Отворете ги прозорците";*).

Двоцифрена минутажа, во дваесетте анализирани информативни изданија за периодот од 21 до 30 ноември, евидентирана е за работата на Владата, по различни основи и надлежности на министерствата (*дипломатската средба меѓу министрите на Австрија и на Македонија - Курц и Попоски; јавните повици и препораките на Министерството за животна средина и на локалните власти од повеќе региони во Македонија во врска со аерозагадувањето; еколошките и електро-енергетските заклучоци за управување*

*со потрошувачката на енергија – донесени на Конференцијата финансирана од УСАИД, за презентирање резултати од проектот на Македонската енергетска заедница).*

Мала, но континуирана минутажа беше одделена за тековните судски процеси и рочишта поведени од Специјалното јавно обвинителство, како и за интерните несогласувања помеѓу членови на различни инстанци од македонскиот судски ситем.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Обраќања | Траење | Процент |
| Граѓански сектор | | 00:13:47 | 5,38 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | | 00:09:04 | 3,54 % |
| Претседател на РМ | | 00:03:59 | 1,55 % |
| Други субјекти | | 00:12:59 | 5,07 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | | 01:11:05 | 27,73 % |
| Коалиција СДСМ и др. | | 01:06:08 | 25,80 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | | 00:13:00 | 5,07 % |
| Левица | | 00:04:19 | 1,68 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | | 00:14:17 | 5,57 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | | 00:02:19 | 0,90 % |
| Влада на РМ | | 00:06:04 | 2,37 % |
| Коалиција за промени и правда | | 00:08:30 | 3,32 % |
| Либерална партија | | 00:07:06 | 2,77 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | | 00:13:16 | 5,18 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | | 00:00:20 | 0,13 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | | 00:00:44 | 0,29 % |
| ДИК и други органи | | 00:01:50 | 0,72 % |
| Беса | | 00:01:26 | 0,56 % |
| Специјално обвинителство | | 00:00:28 | 0,18 % |
| Судство | | 00:01:08 | 0,44 % |
| Привремена комисија | | 00:02:14 | 0,87 % |
| Министри/заменици од СДСМ | | 00:00:59 | 0,38 % |
| Локална самоуправа | | 00:01:16 | 0,49 % |
| | | **Вкупно: 04:16:18** | 100 % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебата*

На 24 ноември, во актуелно-информативната емисија „Актуелно", емитувана од 17 часот, на тема – Јавниот долг на Република Македонија, дебатираа универзитетските професори Марјан Петрески и Снежана Костадиновска – Милошевска, од Економскиот институт при УКИМ.

***Сектор за програмски работи***